| ТМ | Г. XXVII | Бр. 3 | Стр. 437 - 449 | Ниш | јул - септембар | 2003. |
|---|---|---|---|---|---|---|

UDK 28+284 (497.17) "19"
Оригинални научни рад
Примљено: 09.05.2003.

Ружица Цацаноска
Институт за социолошка и
политичко-правна истраживања
Скопје (Македонија)

## ПРОТЕСТАНТИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА И СОВРЕМЕНОТО МАЛЦИНСКО-ХРИСТИЈАНСКО ВЕРСКО СТРУКТУИРАЊЕ

**Резиме**

Протестантизам у Македонији је процес којег су водили амерички мисионери, а који су дејствовали на овим просторима. Пожртвованим радом, а пре свега активним "програмом", према којем су се руководили, они су успели да створе мрежу заједница и цркви, која се, затим лако "уклопила" у ово друштвено миље. Бурни догађаји, ратни походи и процеси, који су својствени Балкану утицали су на то, да се повуче мисионерска гарнитура са ових простора. Тиме се у основи расклинкала протестантска "грађевина". Конгрешански црковни фундамент, прелази у руке Методистичке цркве Југославије 1922 године. Од те године протестантизам у Македонији добија методистички "облик".

Протестантизам у Македонији није био тако "успешан", између осталог, и због тога што протестантски мисионери нису превели Библију на македонски језик. Познато је да до 1937 године, Библија је била преведена на 1008 језика и дијалеката широм света. Мисионерски рад у Македонији са бугарским преводом, увелико је деловао "деморализирајуће" за широко протестантизовање македонског народа.

Развитак процеса десекуларизације религије, који је директно слеђен општим трендом "позападњачавања општог култуrog оквира", повољно је утицао на стварање целе групације мањинских хришћанских верских заједница у Македонији. Корак по корак, са развојем ове структуре, актуелизује се и "конфликт" са доминантним верским субјектом.

**Кључне речи**: протестантизам, мањинске хришћанске верске заједнице

Протестантизмот[1] (во значење онакво какво што редовно му се припишува во светот денес), во Македонија почнува да продира во втората половина на минатиот век. Меѓутоа покрај она што денес се подразбира под поимот "протестантизам[2]", на овие простори во десетиот век се среќава нешто што иако се јавува и е познато под друго име, по својата суштина е вид на протестантизам. Станува збор за богомилството[3]. Богомилството се "стилизира" како еретичко движење во христијанството, кое особено во овие географски простори, значајно го детерминирало, а веројатно и како секвенца, се втопува во сценариото кое ја "конституирало" реформацијата во шеснаесетиот век.

Протестантизмот зачекорува на балканските простори, преку првите американски мисионери, кои пристигнуваат после официјалното воспоставување на дипломатските односи на Америка со Отоманската Империја. Во Цариград, во 1831 година американските мисионери ја основаат првата мисионерска станица во тогашната Империја. Со отварањето на првото мисионерско седиште, се создаваат изгледни можности за планско делување и ширење на протестантските идеи, првенствено меѓу христијанското население.[4] Цариградската мисионерска станица, од самото свое формирање развила низа активности, опфатени во три насоки: литературна, образовна и евангелизаторска. Скромното образование, маргиналната општествена улога, која што ја имале христијаните во Отоманската Империја, биле појдовни позитивни моменти кои ветувале "остварливи можности" за поширока и потемелна евангелизација, односно "покрстување" на православните верници во протестанти.

---

[1] Поимот протестантизам (има латинска основа доаѓа од зборот *protestatio*), ги обединува припадниците на Лутеровата реформација, а во правна смисла значи "јавно, свечено или задолжително изјаснување". Во средновековието, протестантизмот се одбележува со изразито негативна конотација, асоцирајќи на изјаснувањето против некого, односно асоцирајќи на продорното непријателство против "папството" и воопшто на римската црковна управа.

[2] Во протестанти се вброени сите оние кои што во своето верско изјаснување ги прифатиле следниве ставови:"а) Библијата е единствен извор на откровение; б) проучувањето и толкувањето на Библијата да се одвива на база на лично расудување; в) бројот на обреди да се сведе на минимум и г) се што е опфатено под поимот верски живот, да се соопштува на народен јазик." - БИРВИШ Александар, 'ПЛОДОВИ ПРОТЕСТАНТИЗМА", 124-137, *Култура*, Часопис за теорију и социологију културе и културну политику, 13-14, 1971, Београд.

[3] Поп Богомил, бил главниот промотор на богомилството, кој се залагал за отфрлање на комплетната црковна хиерархија, надополнета со надворешниот култен живот.

[4] Мисионерите работат пред се во просторите каде што доминирало христијанското население, бидејќи припадниците на исламот кои што се преобраќале, биле казнувани со смрт.

За теренска работа на мисионерите неопходен бил преводот на Библијата и обезбедувањето литература на матичниот јазик на населението. Поради тоа прво се отпочнувало со превод на Библијата, преку печатење на брошури кои ги појаснувале библиските содржини. За да можат сите тие содржини да бидат разбирливи за корисникот, неопходно било негово културно издигнување и просветување. За таа цел, се отварале училишта, курсеви, семинари и се организирале најразлични видови на контакти со народот, кои имале едукативни цели. Мисионерите се спуштиле меѓу обичниот свет, им понудиле утеха на многумина кои се наоѓале на самото дно на општественото скалило. Мисионерите, на тој начин постепено почнале да партиципираат[5] во креацијата на нивниот индивидуален и групен духовен живот. Скромното образовното ниво на населението, надополнето со главните "каркатеристики" на социјалното опкружување, непосредно и глобално, како и вклучувањето на антагонистички поставениот ислам, "креирале реална можност" за успешно воведување на протестантизмот на Балканот.

За неполна деценија од основањето на првата мисионерска станица во Турција, во Бебек[6], во 1840 година, се отвара првото евангелско училиште на Балканот. Негов основач е д-р Сајрус Хамлин[7]. Училиштето се отвара под покровителство на њујоршкиот трговец Христофер Роберт. Ова училиште прераснува во импозантен, за тие времиња и простори, воспитно-образовен центар, кој е воедно центар на прогресот и културата на тој цел географски потег. Робертовиот колеџ имал оддел за средно образование и универзитет,

---

[5] Партиципацијата во духовна креација (се мисли на мисионерската партиципација) на поединецот го вклучува првенствено психолошкиот момент на сугестивност. Активниот едукатор се наоѓа во позиција да пласира информации (можеби и селективни), но истовремено тој е во позиција, токму поради непосредниот и примарен контакт, да добива "брза" повратна информација.

Од друга страна, ако се има предвид релативно малата општествена улога на христијаните во муслиманската држава, неможноста да дојдат до некоја повлијателна општествена функција, односно да се здобијат со повисоко образование, како поголема општествена групација, првенствено значи "овозможување" на протестатските мисионери значително да го преобратат христијанското население. Но, делувањето на протестантските мисионери меѓу христијанското население можеби и може да се толкува и како тактички потег на Отоманската империја, бидејќи така христијанското население може да се раздели, односно да се раздвои, на една страна би биле православните, додека пак од друга страна би се формирало значајно јадро на протестантите.

Општо гледано христијанската поделеност можеби и не би била така изразена ако се има предвид цврсто устоличениот ислам, кој со својата позиција придонесува повеќе кон обединување отколку кон раздвојување на христијанскиот свет.

[6] Бебек е предградие на Цариград.

[7] Д-р Сајрус Хамлин (1811-1900) бил мисионер во Цариград.

а со него раководело "заедничко председателство, турско и американско, поседувало библиотека и два музеи".[8] Професорскиот колегиум го вовел мисионирањето како задолжителен практикум, поради кој учениците и студентите во текот на летниот распуст "како мисионери ја обиколувале Мала Азија, Ерменија, Грција, Бугарија и Македонија, проповедајќи го Евангелието и во исто време "ширејќи" ја Библијата и брошурите со духовна содржина на народните јазици на тие народи."[9]

За своето педесетгодишно постоење, колеџот дал значителна стапка на школуван кадар, кој подоцна се враќа и работи во местата од каде потекнува. Културната доминација на колеџот, особено непријатно ја почувствувал Грчкиот патријарх во цариград, кој протестирал кај султанот, а тој, истиот го затвора, под образложение дека работи против интересите на турската држава. По смртта на Мухамед Втори, оваа одлука престанала да важи.

Основањето на колеџот, бројните мисионерски станици и раздвижувања низ Балканот и посебно во Македонија, како и силното незадоволство меѓу народните маси од условите во кои тие живеат, претставувале солидна основа за успешна протестантска активност.

Грубата генерална религиска дихотомија на македонското подрачје (православие, ислам), распоредена во националните рамки и подрамки, произведува специфична религиозна слика, која не погодува на поцврстото обединување на различните групи верници. Разнородните верски групации, кои егзистираат на Балканот, градат внатрешно спротивставена и несигурна животна средина. Токму ваквата општествена стратификација многу значајно ја поттикнува протестантската експанзија на Балканот.

Во балканскиот контекст, се појавува и унијатството[10], кое исто како и протестантизмот, се ослободува од балканскиот национален елемент.

Протестантизмот, кој во центарот на своето внимание го поставува поединецот, го неутрализира и целосно го отапува дејството на гломазната и разгранета црковност. Заменувајќи го колективитетот со индивидуата, а воедно не губејќи ги придобивките на колективното живеење, протестантскиот облик на религиозно

[8] POLYANSKI Andonov Hristo, 'THE ATTITUDE OF THE USA TOWARDS MACEDONIA', Macedonian Review Editions, Skopje, 1983, str. 34.

[9] МОЈЗЕС Паула, 'МЕТОДИЗАМ, КРАТКА ИСТОРИЈА МЕТОДИСТИЧКЕ ЦРКВЕ", Издание на Секретаријатот на Методистичките цркви во ФНРЈ, Нови Сад, 1962, стр. 69.

[10] Унијатски цркви се источните цркви кои доктринарно и организационо и припаѓаат на Римокатоличката црква. Тие го прифаќаат папизмот и се во заедница со Рим.

организирање, станува доволно атрактивен за населението на овие простори. Протестантите формираат мали верски заедници, во кои воспоставуваат цврсти примарни контакти. Во овие заедници поединецот максимално ја развива својата индивидуалност, преточена низ индивидуалното пристапување, делување, убедување, а во исто време поединецот е постојано свесен и сигурен дека припаѓа на една цврста заедница во која има свое место и која што е постојано присутна во неговото социјално делување. Таа е заедница во која постои цврста двонасочна комуникација, вметната во самата нејзина основа. Нејзината основа пак се темели на безграничната верба и благодарност кон личноста и делото на Исус Христос. Па според тоа, малите верски заедници се најавтентичните, а во исто време и најчистите облици на човековото религиозно живеење. Првите христијански заедници биле моделот според кој се организирале протестанските заедници, додека пак изворното христијанство било модел на вистинското христијанство, а Библијата била најсветото нешто во рацете на протестантските верници.

Согледувајќи ја сложената и контрастна слика на македонското географско поднебје, како и пошироко, секако земајќи го предвид и богатото искуство, Американскиот одбор за мисионирање во странство[11], изразува спремност за мисионерска акција на Балканот. Својата мисија, ја започнува со отварање училишта (според западните модели и стандарди). Па така во 1860 година во Пловдив се отвора првото машко евангелско училиште во Бугарија, а подоцна и првата женска гимназија. Од Бугарија мисионерите своето "тежиште" го префрлаат на македонското поднебје. Откако неколку семејства од Банско, со православна вероисповед ги прифатиле протестантските идеи, на 6 август 1868 година таму се формира првата евангелска заедница. Од оваа точка протестантските идеи се шират во околината при што Разлошката котлина станува значајно мисионерско седиште.

Во 1873-74 година, се отвара мисионерска станица во Битола. Со отварањето на битолската мисионерска станица се поставува

[11] Основачи на протестантизмот во Македонија се американските мисионери кои што ги испратил Американскиот одбор на комисиите што вршат мисии во странство (American Board of Commisions for Foreign Missions). Американскиот одбор на комисиите што вршат мисии во странство е формиран во 1810-1811 година, со цел да ги постави темелите на мисионерската активност на просторите надвор од нејзините граници. Централното тело го сочинуваат членовите на Конгрегационалистичката, Презветеријанската и Реформираната црква на Америка. "Најактивна" на Балканот била Конгрегационалистичката црква, која што отвара голем број евангелски заедници и цркви. Конгрегационалистичката црква се сретнува под името Конгрешанска (заради транскрипција), Евангелска или пак Соборна.

најсигурниот темел-потпорник на протестантизмот во Македонија. Од центарот во Битола, се раководи со протестантскиот кадар кој што мисионирал во Македонија, тука се решаваат и сите други проблеми кои што се пројавуваат во оваа свера. Воспитно-образовниот систем и згрижувањето на сирачињата, биле прашања на кои што им се приоѓало со особен интерес. Во Битола се отвара женска гимназија и дом за деца без родители. Во мисионерската станица во Битола се одржувааат редовни евангелски служби под водство на мисионерите, додека пак сопругите на мисионерите се грижеле за библиската и медицинската активност на станицата.

Битолската мисионерска станица, следејќи го духовниот живот во Радовиш (каде што проповедал Никола Бојаџиев), во 1886 година отвара евангелска заедница, а нешто подоцна отвара и во Раклиш. Во струмичкото село Моноспитово, Евангелска црква била отворена во 1884 година, а по неколку години во Муртино се формира евангелска заедница. Во 1898 година, организираната црква броела 60 члена, а со својата самопрегорна работа многу се истакнал Костадин Грачанов. Во Колешино, првата Евангелска црква се организира во 1899 година, а првата проповед ја одржал пастирот Кимов, од струмичката црква, во домот на Мане Изев, на 19.05.1890 година.[12] Во 1906 година, на парцелата, која што ја подарил Димитруш Ицев, била изградена првата Евангелска црква. По нејзиното запалување на истото место била изградена нова црква.

Мисионерската станица во Солун,[13] е отворена во 1894 година. Со неа раководел д-р Џон Хаус. Во овој мисионерски центар, особен акцент бил ставен на работата со затворениците од Беас Куле.

Отварањето на евангелската заедница во Кукуш (1885), е резултат на бројните посети на мисионерите од Солун, како и од активностите на книжарите Христо Зрнев, Димитар Кардалев и Никола Тренчев. Нешто подоцна, евангелски заедници се организираат на север од Кукуш, во Горни и Долни Тодорак. Во 1896 година еван-

[12] За Евангелската црква во ова село, неделив е уделот на Мане Изев. Тој заедно со Трајко Ковачев бил псалт во Православната црква во селото, а двајцата ги одржувале богослужбите на грчки. Доаѓајќи до Библијата, тој со голем интерес ги примил нејзините содржини, кои честопати ги проучувал со пријателите. Во тоа време во селото продавал библиска литература Димитар Кардалев, кој преноќил кај Изев. Од него ја добил Библијата и почнал да проповеда на македонски јазик, бидејќи грчкиот малкумина го знаеле, а тие не биле ниту грци, ниту пак бугари. Поради ваквите убедувања, Изев и неговите истомисленици наишле на цврст отпор и омраза кај владеачките структури, кои се обидувале на најразллични начини да им напакостат, но не успеале да ги одвратат од евангелските идеи.

[13] Солун во тој период бил главен економски и комуникативен центар, а со внатрешноста бил поврзан преку три главни жлезнички линии.

гелска заедница се отвара во Воден, во 1897 во Драма, а во 1898 во Eниџе Вардарско. На 23 август 1899 година, во Солун се одржува единствената конференција на евангелските работници од Македонија, која што ја раководеле д-р Џон Хаус, д-р Едвард Хаскел и Мис Елен Стон.

Во околината на Солун, а во делокруг на активностите на Солунската мисионерска станица, во 1904 година, д-р Џон Хаус го формирал земјоделско-индустриското училиште. Во училиштето, покрај редовните евангелски богослужби, односно религиозното образование, се врши и континуирано земјоделско образование. Ова образование треба да помогне за подобро и поуспешно извршување на земјоделските работи, секако користејќи ги придобивките на современата технологија. Не случајно и првиот трактор на Балканот бил донесен во земјоделско-индустриското училиште во Солун.

Но, сепак, најголемо и најсензационално светското внимание било свртено со заробувањето на американската мисионерка Мис Елен Стоун. Целата светска јавност со огромен интерес го следела текот на ослободувањето на славната мисионерка, која подоцна се докажала "како голема заштитничка на македонското дело и обвинителка на Турците."[14]

Бројните евангелски цркви и друштва, формирани низ Македонија, стануваат "бедем" за понатамошното продлабочување и ширење на протестантските идеи. Ползувајќи ги плодовите на делувањето на мисионерските центри, како и ревносната усна агитација, надополнета со слабостите на останатите конфесионални заедници, биле нужните предуслови, кои придонеле да се рашири протестантизмот во Македонија. Но, "најдлабоко" протестантизмот завлегол во струмичкиот реон. Тоа се должело пред се на фактот што Струмица, се наоѓала скоро во центарот на мисионерскиот триаголник, Самоков, Битола и Солун (во непосредна близина било Банско) и ја имала таа привилегија преку нејзините патишта "да врват" сите важни комуникации. Без разлика дали станува збор за мисионерски "походи", за преписка меѓу станиците и мисионерите, за разнесување библиска литература, хуманитарна акција или слично, значело константна мобилизација на духот, кој надграден на религиозната конфликтна поставка, значително ја детерминира протестантската статика и динамика.

Развојот на протестантизмот во македонските простори цврсто ја следат воените походи олицетворени во Балканските војни како и Првата и Втората светска војна. Накратко кажано, хаосот на војната

---

[14] *Вестители на истината*, редактор Христо Христов Куличевã, Второ раширено издание, Издателство, "Бãлгарско библеиско дружество" ООД, 1994, стр. 89.

го зафаќа и од основа го менува човековиот духовен свет. Завршетокот на Првата светска војна бил одбележан со поделбата на Македонија, што последователно дошло и до поделба на протестантското јадро во Македонија. Кон Евангелската црква во Бугарија се присоединиле протестантските верници од пиринскиот дел на Македонија. Евангелската црква, во Грција, била присоединета кон Грчката презбетеријанска црква и продолжила да работи како Грчка евангелска црква. Работата на мисионерската станица во Солун, во која се зборувало бугарски, почнува да замира. Покрај Солун, во грчките граници влегува и Корча.

Вардарскиот дел на Македонија, го зема под свое Кралска Југославија, која што го забранува работењето на Конгрешанската црква. Поради тоа Евангелската конгрешанска црква од Македонија "била присоединета кон Методистичката епископална црква, за време на Втората годишна конференција во Врбас, во мај 1922 година."[15] Македонија припаѓа на јужниот дистрикт на Методистичката црква во Југославија. За надзорен свештеник се избира Пане Темков, од Скопје. Со тој чин, десетина конгрешански цркви во Македонија преминуваат и работат под закрила на Методистичката црква на Југославија.

Понатамошната еволуција на протестантизмот во Македонија се проследува со брзо опаѓање на протестантското членство, кое нужно доведува до затварање на некои цркви, а делувањето на мисионерските централи се маргинализира. Кон утврдувањето на причините на падот на протестантското членство, секако треба да се наведе влијанието на полибералните струи на протестантизмот, кој бил на спротивен колосек со тврдото конзервативно крило лоцирано на Балканот. Исто така не би требало да изгуби од вид и фактот што во 1934 година, од Бостонската централа се повлекла мисионерската гарнитура од балканските простори. Со тоа повлекување се отргнува најактивниот чинител на протестантското "живеење", што базично ја намалува моќта на протестантското "дејание".

Развојот на процесот на секуларизација, што следи во повоениот период, религиозното чувство го сместува во строго приватната свера на човековото живеење, што директно го условува опаѓањето на религиозниот дух. Започнатото опаѓање на бројот на протестантските верници во Македонија продолжува, со што протестантскиот процес го става во значително незавидна позиција. Но, остануваат индикативни многу прашања врзани за протестантизмот, кои социјалистичката платформа само ги тргна од жижата на интересирање.

---

[15] Цеков Глигор, *100 години од евангелското дело во с. Колешино*, стр. 6.

Од напред изложениот приказ на протестантската еволуција во Македонија, грубо би ги разграничиле причините за таквиот тек на надворешни и внатрешни.

Под надворешни причини кои влијаеле врз развојот на протестантизмот во Македонија, би го навеле делувањето на политичкото опкружување, кое што резултирало со бројни воени акции, кои што оставиле длабока трага во свеста на секој поединец. Па следствено на тоа и поделбата на Македонија значително го разнишала протестантскиот мозаик на Балканот.

Додека пак внатрешните фактори кои влијаеле на протестантизмот би биле оние кои што ги креирале протестантските мисионери и проповедници. Имено почетниот замав на протестантизмот не завлегол доволно длабоко, односно не создал цврсто јадро кое што не би се "распаднало" пред првиот налет на војните. Протестантските мисионери кои се истакнувале со својата самопрегорна работа, кои се спуштиле меѓу обичниот народ, основале бројни цркви и заедници но веројатно не наишле на соодветен "партнер" кој би можел да ги задржи односно прошири почетните добри резултати. Преобратените верници како и домашните проповедници не формирале цврсто ткиво, кое пред налетот на тешкото воено бреме наместо поцврсто да ги обедини, тоа ги разединило. Понатаму многу значаен бил фактот што во Македонија протестантските мисионери не ја превеле Библијата на македонски јазик, иако тие утврдиле и запишале дека во Македонија се зборува поинаку отколку во Самоков. Во Македонија се користел бугарскиот превод на Библијата, а паралелно се одвивала и ревносната бугарска пропаганда што условно и манифестно се поврзувала со протестантските мисионери. Сето тоа упатува на фактот дека протестантското мисионирање во Македонија, успеало да повлече голем дел од православните верници, но изгледа и покрај активниот пристап кон широко образование на народот, а особено на помладите и децата, сепак преобратените верници "само површно" го прифатиле протестантскиот дух, што се проследува со релтивно брзото осипување на групата на протестанти. Оној дел што се задржал, пред се се лоцира во Струмичкиот дел. Таму и денес постојат неколку протестантски цркви, кои што имаат стабилно членство.

Современото малцинско христијанско структуирање во Македонија[16], директно или индиректно, може но не мора, да се лоцира на протестантската лепеза.[17] Во верскиот "колоритет" на Македонија

---

[16] Според бројот на верници во оваа класификација би требало да се вброи и Католичката црква во Македонија (но таа не е вклучена во предметот на овој труд).

[17] Кога се зборува за протестантското групирање на верските заедници односно деноминации би издвоиле дека тоа е во главни црти кажано "стара" теза, би-

христијанските заедници (сем православната) претставуваат малцински заедници во вистинска смисла на зборот. Малцинската верска заедница најпрвин како што и самото нејзино име укажува претставува заедница која што ја сочинуваат мал број верници.[18] Таа е мала во однос на другите мнозински верски заедници (Македонската Православна Црква и Исламската верска заедница), кои што имаат позначајно место во самата глобална заедница, односно имаат воспоставено поцврст систем на врски со општествените институции, додека малцинската верска заедница најчесто се карактеризира со на моменти "сувопарна"[19] лојалност кон глобалната заедница во која егзистира, но постојано е свесна за својата моќ во интернационални рамки[20]. Нејзината малциснка суштина, односно нејзината малцинска положба може во одредени случаи да заврши во секта, доколку таа ги прекине врските со интернационалната заедница, односно доколку таа се затвори од истородната верска групација вон глобална-

---

дејќи Реформацијата се случила пред неколку века, но таа оставила простор во начинот на поимањето на религиозното дека протестантизмот ги охрабрил многуте струења, многуте толкувања кои се случуваат протестантизмот. Па токму од тој аспект би се групирале верските заедници, кои се во суштина христијански. Не би навлегувале во некои дискусии кои не воведуваат во построги и поисклучителни класификации. Во рамките на овој труд би сакала да ги наведам, да ги претставам сите овие групации кои постојат во Македонија, без претензија строго да ги оквалификувам или "дисквалификувам" од некоја класификација.

[18] Според пописот на населението на Република Македонија, од 1991 година[18], како православни се изјасниле 1355415 жители, додека пак како протестанти се определиле вкупно 3044 жители, односно 0,188% од вкупното население (1617530 жители) на Републиката. Од нив 53,35% од верниците се од Струмица, додека во Скопје нивниот број изнесува 27,17%. Во останатите дваесетина проценти се вброени протестантите од останатите македонски градови.

[19] "Сувопарната" лојалност всушност значи дека малцинската црква, иако по одреден број прашања пројавува несогласување со глобалната заедница, сепак во суштина таа го избегнува конфликтот со неа.

[20] Во однос на интернационалната референтна рамка, во овој момент би нагласила дека таа директно зависи од структурата односно од системот на организација на самата црква. Доколку во неа доминира централистичката управа односно организација, дотолку е таа истата повеќе "зависна" и повеќе упатена на интернационалната заедница. Но во случаи кога верската заедница се организира "подемократски" односно поавтономно, по системот на конгрегации, дотогаш таа во однос на секојдневната работа скоро и да нема "потреба" од интернационалната заедница. Нејзината потреба е повеќе од консултативна, советодавна природа. Но кога една помала верска заедница превзема позначаен чекор, како што најчесто е изградба на црковен објект, тогаш таа има голема потреба пред се од материјална помош. Во последно време многу често се случува, во вакви моменти да им помогнат и останатите, пред се протестантски цркви.

та заедница, а кон ова ќе следи и одвојување од општественото миље, кое што ја опкружува.

Во Република Македонија денес постојат повеќе малцински христијански верски заедници[21]: Евангелско-методистичка Црква на Република Македонија, Христијанско-адвентистичка Црква (црква на адвентистите на седмиот ден), Христијанската адвентистичка Црква во Република Македонија, Баптистичка Црква во Република Македонија, Христијанска баптистичка црква "Божји Глас", Христијанска заедница на Јеховини сведоци, Евангелска црква во Република Македонија, Евангелско-конгрешанска црква, Христијанска пентакосна црква во Република Македонија, Прахристијанска заедница - Универзален живот, Новоапостолска Црква во Македонија, Црква Божја во Република Македонија.

Малцинскохристијанската верничка структура е прашање кое буди голем интерес и кое цврсто ја раздвижува "интересната" еклесиолошка теорија и практика.

Според потеклото верниците се категоризираат во три групи:

1. Верници кои потекнуваат од малцинските заедници. Во оваа категорија, во основа влегува методистичкото верништво, односно тоа е верска заедница која во Македонија има едновековна традиција и која остварила неколку репродуктивни циклуси. "Саморепродукцијата" на верничката маса е во директна корелација со затвореноста и тенденцијата кон "изолираност", надополнета низ развиениоит егоцентризам на самата верска заедница.

2. Преобратените православни верници, чинат скоро една третина од вкупниот број верници методисти[22]. Ова прикажано низ апсолутни бројки веројатно одбројува мал број верници, но и овој мал број сосема е доволен да укаже на постоењето на "осетливи точки" на православната организација и практика.

Во структурата на малцинските христијански заедници, бројот на покрстените исламисти не е воопшто значаен, но многу е значајна стратегијата која што ја негуваат одреден број заедници, кои што се стремат кон христијанизирање на албанското население. Во светлината на оваа акција тие ја гледаат благопријатната иднина на Македонија.

Конфликттноста во одредена малцинска заедница дирекно може да влијае на создавањето нова исто така малцинска верска заед-

---

[21] Овде се користени податоци од Републичката Комисија за односи со верските заедници. Според Законот за правна положба на верските заедници.

[22] Во рамките на изработката на мојата докторска дисертација "Протестантизмот во Република Македонија" (одбранет во ИСППИ, Скопје, 2000), направив социолошко истражување меѓу верниците на Евангелско-методистичката црква во Македонија, па дел од резултатите се имаат предвид токму во овој дел.

ница. Имено оние верници кои ќе се почувствуваат "како вишок" во претходната заедница, стануваат промотори или се врзуваат за некоја нова верска заедница.

3. Третата група ја сочинуваат верници кои потекнуваат од категории на население во кои не е цврсто дефинирана религиозната рамка. Тоа се во нашава средина Ромите, кај кои доминира синкретизмот. Оваа категорија станува многу битно јадро за канализирање на одредена идеја. Не е мал бројот на Ромите, кои се активно вклучени во овие заедници и кои имаат тенденција брзо да се прошируваат.

Но, без разлика каква е "етиологијата" на малцинските христијански заедници, карактеристична е нивната експанзионистичка моќ, значајно водена од интернационалната заедница. Апстрахирајќи ја методистичката црква, грото малцински христијански верски заедници, кои што се "вгнездиле" во овој простор, ја живеат почетната фаза, фазата во која доминира зачетниот ентузијазам, ревност и харизмата на "неискварените водачи". Евангелско-методистичката црква веќе зачекорила подлабоко, посигурно и потемелно веќе го "оџивеала" зачетокот и завлегла во вториот век од живот во Македонија.

## ЛИТЕРАТУРА

House, Henry, John, "A Life for the Balkans', New York, Fleming H. Revall Company, London and Edinburgh.

Mehl, Roger, "The Sociology of Protestantism", The Westminster Press, Philadelphia, 1970.

Mojzes, Benjamin, Paul, "A History of the Congregational And Methodist Churches in Bulgaria and Yugoslavia", Boston University, Graduate School, Doctoral disertation, 1965.

Šušnjić, Đuro, "Verovati i znati", Kršćanska sadašnjost i Stvarnost, Zagreb, 1988.

Tsanoff, A. Vladimir, "Reports and Letters of American Missionaries", Sofia, 1919.

Webster, William, Hall, Jr., "Puritans in the Balcans", Cultura, Sofia, 1938.

World Methodist Council, Baltimore Press, USA, 1922.

Ružica Cacanoska, Skoplje (Macedonia)

# PROTESTANTISM IN MACEDONIA AND CONTEMPORARY MINORITY-CHRISTIAN RELIGIOUS STRUCTURING

**Summary**

Protestantism in Macedonia was a process led by Americans missioners that worked on this regions. They succeeded, with their self-sacrificed and beside all, their active "program" they based their work on, to established a complete net of communities and churches, that were integrated in the social milieu. The tumultuous events, war campaigns and processes in the Balkans, caused the withdraw of that missioners from this regions, so their protestants "structure" was shaken from the base. The Congregational church base turned to Methodist church in Yugoslavia. Since 1922, the Protestantism in Macedonia got a new form - Methodist.

The Protestantism in Macedonia didn't reach any increase because of the fact that the protestants missioners didn't translate the Bible in Macedonian language, although until 1937 the Bible was translated in 1008 languages and dialects throughout the world. The work in Macedonia with Bible translated in Bulgarian language was discouraging for the Macedonian people.

The development of the process of de-secularization of the religion, seen through the common trend of the "westernisation of the common cultural frame", has satisfactory influence on the process of creation of a whole group of minority's christian religious communities in Macedonia. Gradually, the enlargement of this structure actualize as well the "conflict" with the dominate religious subject.

**Key words**: protestantism; minority religious christian communities